# ЗАКОН

## за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот

**Службен весник на Р. Македонија бр. 77/09 од 19.06.2009 година**

**Член 1**

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Финансискиот договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти (во понатамошниот текст: Финансискиот договор) во износ од 100.000.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не ги исполнува и сервисира обврските од Финансискиот договор.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Финансискиот договор, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти.

**Член 3**

Сите обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши Македонската банка за поддршка на развојот од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Финансискиот договор.

**Член 4**

Рокот на отплата на заемот од членот 1 на овој закон е најмалку четири, а најмногу 12 години, со вклучен грејс период од најмалку четири години за делот од Проектот наменет за финансирање на мали и средни претпријатија.

Рокот на отплата на заемот од членот 1 од овој закон е најмалку четири, а најмногу 15 години, со вклучен грејс период од најмалку пет години за делот од Проектот наменет за финансирање на други приоритетни проекти.

Заемот ќе се повлекува во најмногу 25 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 3.000.000 ЕВРА.

**Член 5**

Каматната стапка и рокот на отплата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

**Член 6**

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Финансискиот договор и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонската банка за поддршка на развојот се обврзуваат да склучат посебен договор.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".